Јавно претпријатие за стопанисување на
јавно осветлување на општина Аеродром

Бр. 02-49/1

19-04-2023 202 ___ год.

СКОПЈЕ

*Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на Општина Аеродром - Скопје*
*(ЈП на општина Аеродром)*

**ТРИМЕСЕЧЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ И МАРТ 2023 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

Согласно Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/2022 и 274/22) и Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром („Службен гласник на општина Аеродром“ бр. 12/22), потребно е да се изготви и достави Тримесечен извештај за работењето на Јавното претрпријатие.

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Јавното претпријатие обезбедува висок квалитет на извршените услуги и доследно ги почитува принципите за сигурност, континуитет, транспарентнос, достапност и заштита на корисниците и потрошувачите.

## III. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром ја следи состојбата со уличното осветлување и навремено превзема мерки за подобрување на состојбата. Се вршат и ноќни редовни контроли за согледување на состојбите и отстранување на утврдените дефекти, односно доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Редовното одржување и утврдувањето на дефекти на улично осветлување и проширување на уличното осветлување на места каде што ќе се јави потреба, се изведува преку поднесување на барања од страна на граѓаните во просториите на Јавното претпријатие, доставување на барање на е-пошта jp.sjo@aerodrom.gov.mk, пријавување по смс (24 часа) или со телефонски повик (од 07.30 до 15.30) на тел. број 072 270 - 886 , како и преку урбаните заедници во општина Аеродром.

Имено, во периодот јануари – март 2023 година се отстрануваа дефекти на 106 локации, и тоа:

Долно Лисиче ул.2 ,ул.7 и ул. 20, ул.Атанас Митрев, ул. Божин Николов Силни, Аеродром 17 бр.705, ул. Ангел Димовски во парк, во парк Јане Сандански кај коњот во ормар за улично, Реонски Центар ул.1613 пред Кам Маркет, Реонски Центар ул.1613, Горно Лисиче пред месара Волчко, Долно Лисиче ул.2, ул.2 бр.3, ул. Тоше Проески од полиција до Фонтана, ул. Ѓорѓи Капчев од последна автобуска до црква св. Ѓорѓија, ул. Горно Лисиче пред гробиштата вклучување на 7 светилки, бул.Јане Сандански во паркот позади Налеј бр.92 и бр.94 паднатата канделабра, Долно Лисиче ул.1 спроти бр.13 скршен дрвен столб, ул. Коста Новаковиќ од кружен тек бул. Трета Македонска бригада, ул.23 Окотомври бр.23, ул.Илија Димовски бр.7а, Реонски Центар ул.1613 позади новата зграда спрема Стокомак, бул.АВНОЈ спроти Хилтон, бул.АВНОЈ бр.70, бул. Јане Санднаски кај кафаната Налеј, Џевахир кај црквичето, бул.Јане Сандански позади Општина Аеродром, ул.Васко Карангеловски бр.13, ул.Ѓорѓи Капчев бр.47, бул. Трета Мак.бригада ул.1, бул.Јане Сандански пред кафана XXЛ, бул.В.С.Бато меѓу бр.73 и бр.75, ул.Божин Николов Силни, Долно Лисиче бр.101012, Долно Лисиче ул.1 бр.92 пред продавницата Бои и Лакови, ул. Блажо Орландич позади бензиска пумпа Макпетрол, ул. Ангел Димовски кај Војното, Аеродром 29 бр. 589, ул. 23 Октомври бр.1а, О.У. Гоце Делчев Горно Лисиче,бул. Авној бр.94 и бр.104, Долно Лисиче ул.2 бр.51, ул. Ѓорѓи Капчев 1, ул. Тодор Чангов 26, ул. Детелин Војвода, ул Србија 1, ул. Ѓорѓи Капчев 35, ул. Методија Шарло бр.19, Реонски Центар ул 1613 пред Кам Маркет, Долно Лисиче ул.22 бр.2, ул. Ѓорѓи Капчев 27 и 29, ул. Тодор Чангов бр 44, бул. В.С.Бато бр 14, бр.37 и бр. 55 паркинг, Горно Лисиче бр.25, ул.Тодор Чангов 1/16 Ц, 41/3, ул. Тодор Чангов 19 и 38, црква св. Петка на бул. Србија, бул. Јане Сандански бр.37/1 и бр.106, ул. Богомилски Поход 1/1 бр.42, ул Горно Лисиче бр.27, На надвозникот Горно Лисиче пред црквата св. Петар и Павле, ул. Лисиец, ул.Мите Богоевски бр.67, Аеродром 27 бр.722, ул. Горноврановска бр.74, ул. Боѓидар Рајковиќ бр. 51, бул. АСНОМ бр.4, ул.Ѓорѓи Капчев 11, Ѓуро Малешевиќ, ул. Пандел Шишков, ул.Тодор Чангов бр. 46, ул. Ангел Димовски, ул. Тодор Чангов 27,28,30,32 и 34, ул.Тодор Чангов 48 и бр.14, ул. Тодор Чангов бр. 17, ул.Тодор Чангов 9 и бр.4, ул. Тодор Чангов 51 бр.5, ул.Тодор Чангов 41 бр.3, ул.Тодор Чангов 24 бр.11, ул. Тодор Чангов 26 бр.7, ул. Васко Карангеловски позади бр.7, Во парк спроти Кстот на бул.Србија на раскрсницата со бул. 12-та Македонска бригада, ул. Детелин Војвода, ул.1612 спроти игралиштето за голем фудбал, Долно Лисиче ул.7 и 10, ул Детелин Војвода бр.2 , бул. Јане Сандански позади бр.35 во парк кородирана канделабра, ул. Методија Шарло, ул. 23 Октомври позади бр.25 во парк кородирана канделабра, ул. Долно Лисиче 20 после решеткасто трафо, Долно Лисиче ул. 7 бр.1, ул. Ѓорѓи Капчев 6, ул.Тодор Чангов 22 спроти бр. 18, бул. 3-та Мак.бригада пред бр. 43, бул. В.С.Бато бр. 81 према игралиштето Марко Боѓиновски, ул.

Лисиец бр. 196, Долно Лисиче ул. 7 крак према пруга, Долно Лисиче ул. 1 спроти Лисабон на главна улица, бул. В.С.Бато бр.67 и враќање на тајмерите во нормален режим на работа во Долно Лисиче.

Во табелата што ја даваме во продолжение, описно е прикажано кои активности биле превземени за санација на дефектите на погоре наведените локации.

| Р.бр. | ОПИС | Ед. Мерка | Количини |
|---|---|---|---|
| 1. | Ископ на ров III категорија со затрупување на еден кабел(0,4 x 0.8), заедно со пластични штитници и на предупредувачка лента- црвена Внимание електричен кабел | м | 135 |
| 2. | Набавка, транспорт и монтажа (полагање) на кабел PPOO-A 4 x 16 mm² (1KV) во ров | м | 152 |
| 3. | Изработка на суви кабловски завршници за сите пресеци на каблови | парче | 73 |
| 4. | Демонтажа на дотрајан (оштетен) столб заедно со светилка | парче | 11 |
| 6 | Набавка,и монтажа на топлопоцинкуван двостепен столб со H = 4,5m(долниот дел со височина h=1 -1,5m со ф 130-ф 140/дебелина 3,5 -4, mm и горен дел со висина h=3 -3,5m со ф60/ дебелина 2-3mm, ожичен со едно парче кабел PPOO 3x1,5 mm²-18m, топлопоцинкуван и во согласно TS 914,EN ISO-1461 и важечките стандарди за метални столбови, VDE, EN со сите потребни тест извештаи. | парче | 5 |
| 11 | Вадење на бехатон плочки и новна повторна монтажа( враќање во правобитна состојба) по | м² | 86 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | завршување на работите | | |
| 13 | Набавка , транспорт и монтажа на улична светилка од алуминиумско куќиште тип, комплет со сијалица-натриум висок притисок од 700W, со капа од калено стакло IK 09. Рефлектро од висок ефикасен алуминиум.Степен на заштита на светилката е IP66 и предспој.Прилагодлива на постоечки столбови.(ф60мм, ф76мм и др). | парче | 1 |
| 15 | Набавка, транспор и монтажа на улична светилка од алуминиумско куќиште тип, комплет со сијалица-натриум висок притисок од 150W, со капа од калено стакло IK 09. Рефлектро од висок ефикасен алуминиум.Степен на заштита на светилката е IP66 и на предспој. Прилагодлива на постоечки столбови.(ф76мм и др). | парче | 2 |
| 16 | Набавка, транспорт и монтажа на осигурачи NVO 160/63A | парче | 2 |
| 18 | Набавка, транспот и монтажа на раздвоено ормарче комплет со изолирани раздвоени клеми и топлив осигурувач D01/E14 со патрон пд 10А и постоље 16А или еквивалент, со транспарентен капак за монтажа внатре во столб со содветна заштита минимун IP54 или еквивалент | парче | 5 |
| 20 | Изработка на РАЈХЕМ спојница на разни типови на кабели | парче | 2 |
| 22 | Набавка и испорака на астрономски тајмер со географска одредница, за монтажа на шина, до 100 | парче | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | часа на автономна работа. 230V/45-60Hz/16A | | |
| 23 | Набавка, транспорт и полагање на самоносив кабел X00/0 A 2x16 mm² на дрвени и бетонски столбови од H=9m | м | 245 |
| 24 | Набавка, транспорт и монтажа на затегачи за самоносив кабел | парче | 2 |
| 25 | Набавка, транспорт и монтажа на импергиран дрвен столб со висина од 9м, ф220-ф240мм во долен дел и ф160-ф180мм во горен дел. | парче | 2 |
| 27 | Ископ на дупки во земја III категорија за дрвени столбови, Ф 300-Ф400мм, со длабочина од 1,5м, комплет со затрупување, набивање и одвоз на вишокот земјен матријал на депонија по завршување на работите. | парче | 2 |
| 29 | Набавка,транспорт и монтажа на еднократна лира ( одмастена пред фарбање, заштитена со минимум и обоена со двослојна завршена боја, боја по избор на инвститор) за 1,5м, со димензија на редуцир ф89/ф76ф/60мм во долен (насаден) дел и ф60мм во горен (кос) дел, комплет со 4 штрафа м8. Агол или нагиб на лирата од 15° | парче | 4 |
| 31 | Набавка, транспорт и монтажа на Натриумова сијалица VT 70W | парче | 40 |
| 33 | Набавка, транспорт и монтажа на Натриумова сијалица VT 150W | парче | 15 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34 | Набавка, транспорт и монтажа на Пригушница VT 70W | парче | 18 |
| 36 | Набавка, транспорт и монтажа на Пригушница VT 150W | парче | 11 |
| 37 | Набавка, транспорт и монтажа на Игнитор упаљач 70-400W | парче | 55 |
| 46 | Набавка, транспорт и монтажа на Фасонки Е-27 порцелански | парче | 6 |
| 47 | Набавка, транспорт и монтажа на Фасонки Е-40 порцелански | парче | 1 |
| 48 | Набавка,транспорт и монтажа на кабел PGP 3x1,5mm | м | 4 |
| 49 | Набавка,транспорт и монтажа на капак за канделабри -лимен | парче | 1 |
| 51 | Набавка,транспорт и монтажа на Автоматски осигурувач 6-25 А | парче | 8 |
| 53 | Набавка,транспорт и монтажа на Патрон ножест 35-125 А | парче | 16 |
| 57 | Набавка, транспорт и монтажа на Комбиниран Al-Cu спојници 36-35mm | парче | 62 |

Набавката и монтажата на материјалите се врши согласно Законот за јавни набавки. Изборот на најдобар понудувач за одржување на јавно осветлување го врши Комисијата за јавни набавки на јавен оглас.

Исто така, Ве информираме дека согласно Договор за извршување на групна набавка склучен помеѓу општина Аеродром и Јавното претрпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром (ЈП на општина Аеродром), врз основа на спроведена поедноставена отворена постпка за јавна набавка преку ЕСЈН, објавена со оглас бр.04056/2023, согласно Одлука за јавна набавка донесена од Градоначалникот на општина Аеродром со бр. 16-1714/2 од 09.03.2023 година и Одлуката за избор на страна во рамковна спогодба бр. 16-1714/5 од 28.03.2023 година, како и прифатената понуда со предмер пресметка на Носителот на набавката, склучен е Договор – Рамковна спогодба за одржување на јавното осветлување на територијата на општина Аеродром.

Согласно добиените понуди од страна на 3 (три) економски оператори (кои се во прилог на овој извештај), за најповолна понуда прифатена е понудата на економскиот оператор – ДПТ ЕЛТРА ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, која согласно доставената Предмер – пресметка е во висина од 175.383,40 денари со вклучен ДДВ во износ од 18%.

Вредноста на Рамковната спогодба, заедно со вкупната вредност на сите поединечни договори што Договорниот орган ќе ги склучи со Носителот на набавката, изнесува 6.254.000,00 денари со вклучен ДДВ во износ од 18%. Договорните поединечни цени по позиции утврдени во прифатената понуда се составен дел на Рамковната спогодба и истите не може да се менуваат до истекот на рокот на важноста на истата. Во цената се вкалкулирани трошоци за работа, транспорт, материјал и јавни давачки.

## IV. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во продолжение табеларен приказ на потрошувачка во kWh со компарација јануари – март 2022/јануари – март 2023 година:

| Разлика во потрошената електрична енергија за јавно осветлување<br>Компарација јануари – март 2022/јануари – март 2023 | | | |
|---|---|---|---|
| **Месец** | **Година** | **KWh** | **Разлика kWh** |
| Јануари | 2022 | 275.320 | 141.875 |
| | 2023 | 133.445 | |
| Февруари | 2022 | 225.466 | 113.829 |
| | 2023 | 111.637 | |
| Март | 2022 | 228.590 | 110.885 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2023 | 117.885 | |
| **Вкупно: 366.589 kWh** | | | |

Во продолжение табеларен приказ на потрошувачка во денари со компарација јануари – март 2022/јануари – март 2023 година:

| **Разлика во потрошената електрична енергија за јавно осветлување<br>Компарација јануари – март 2022/јануари – март 2023** | | | |
|---|---|---|---|
| **Месец** | **Година** | **Денари** | **Разлика во денари** |
| Јануари | 2022 | 6.935.666,00 | 4.804.463,00 |
| | 2023 | 2.131.203,00 | |
| Февруари | 2022 | 5.393.534,00 | 3.632.993,00 |
| | 2023 | 1.760.541,00 | |
| Март | 2022 | 7.753.882,00 | 6.229.624 |
| | 2023 | 1.524.258,00 | |
| **Вкупно: 14.667.080,00денари** | | | |

Трошок за откуп (плаќање) на електрична енергија во 2023 година – Овој трошок претставува главна компонента за да се направи откуп (плаќање) на електрична енергија со цел да се сервисира јавното осветлување на територијата на општина Аеродром и е во износ од **5.416.002,00 денари** за месеците јануари, февруари и март 2023 година, а за месец декември 2022 година изнесува **2.298.145,00 денари**, кое плаќање е извршено во месец јануари 2023 година по пристигнување на сметката и истата е прикажана во Годишниот извештај за работење на ЈП на општина Аеродром за 2022 година.

Во продолжение табеларен приказ на расходи од работењето на ЈП на општина Аеродром за период јануари – март 2023 година:

| Бруто Биланс – ЈП на општина Аеродром<br>01.01.2023 – 31.3.2023 | | Износ во денари |
|---|---|---|
| **1.** | **Трошоци за набавка на електрична енергија** | |
| **1.1** | Електрична енергија за јавно осветлување | 4.423.724,00 |
| **1.2** | Дистрибуција на електрична енергија | 992.278,00 |
| **2.** | **Трошоци за услуги** | |
| **2.1** | Телефонски услуги, поштенски услуги, графички услуги, печатарски услуги, трошоци за други неспомнати нематеријални трошоци (КИБС, други дигитални сертификати, интернет и телефонија | 10.607,00 |
| **2.2** | Сметководствени услуги | 34.130,00 |
| **2.3** | Адвокатски услуги | 49.800,00 |
| **2.4** | Банкарски услуги – провизии | 5.237,00 |
| **3.** | **Трошоци за плати, управен и надзорен одбор** | |
| **3.1** | Плати, управен и надзорен одбор | 264.960,00 |
| **3.2** | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плати | 26.429,00 |
| **3.3** | Придонеси од задолжително социјално осигурување | 66.795,00 |
| | **ВКУПНО:** | **5.873.960,00** |

**Скопје, 2023 година**

**ЈП на општина Аеродром**

**В.Д Директор**

**Благоја Ѓоргиевски**

---------------------------------------

Јавно претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром Скопје

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром

Бр. 02-50/1

19-04-2023 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 27 став 3 и став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РСМ бр.38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15. 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/2022 и 274/22) и член 34 став 3 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром („Службен гласник на општина Аеродром" бр. 12/22), Надзорниот одбор на својата 4-та седница одржана на ден 19.04.2023 година го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

1. Се прифаќа Тримесечниот финансиски извештај кои содржи показтели за финансиското работење за остварените резултати од работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром за периодот Јануари - Март 2023 година

2. Мислењето да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром, до Министерство за финансии и Министерство за транспорт и врски.

Надзорен одбор за контрола на
Материјално-финансиско работење
на ЈП на општина Аеродром
Претседател

Јавно претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром Скопје

Ненад Јовановски

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром

Бр. 02-49/2

19-04-2023 год.

СКОПЈЕ

Управниот одбор на ЈП за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром на предлог на В.Д Директорот на ЈП, а врз основа на член 26 став 2, точка 8 од Статутот на ЈП за стопанисување на јавно осветлување, а согласно член 19 став 2, точка 8 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) на својата осма редовна седница одржана на ден 19.04.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за давање согласност на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП за стопанисување на јавно осветлување

1. Со оваа Одлука се дава согласност на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП за стопанисување на јавно осветлување, за период ( јануари, февруари и март 2023 година ).
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Трошок за откуп (плаќање) на електрична енергија – Овој трошок претставува главна компонента за да се направи откуп (плаќање) на електрична енергија со цел да се сервисира јавното осветлување на територија на општина Аеродром. Вкупните трошоци се во износ од 5.416.002,00 денари за период (јануари, февруари и март 2023 година).

Останатите трошоци - Во оваа група се класифицираат трошоците кои се настанати како резултат на работењето, односно вршење на деловните активности на јавното претпријатие, обврски за плати, придонеси, услуги од други (сметководствени услуги, адвокатски услуги, телефонски услуги, надворешни услуги и интелектуални услуги за Управен и Надзорен одбор), матријални трошоци, банкарски трошоци (провизии) се во износ од 457.958,00 денари за месеците јануари, февруари и март 2023 година.

**Вкупните трошоци за период јануари - март се во износ од 5.873.960,00 денар**.

Претседател на Управен одбор

Николче Златевски

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром Скопје